Z 13.1.76
2693 Централна правосудна книжница Врховног содишча СР Словеније 61000 ЉУБЉАНА ул. "Товчарјева" бр.9


# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 24 декември 1975
Скопје
Број 45 Год. XXXI

Претплатата за 1975 година изнесува 300 динари. Овој број чини 3 дин. Жиро сметка 40100-601-128


470

Врз основа на член 3, 15 и 16 од Законот за републичките совети („Службен весник на СРМ“ бр. 27/75) и член 86, став 2 од Деловникот на Претседателството на СРМ, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 3. XII. 1975 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОВЕТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОРЕДОКОТ УТВРДЕН СО УСТАВОТ

I

За претседател на Републичкиот совет за заштита на поредокот утврден со Уставот се именува Страхил Гигов, член на Претседателството на СРМ.

II

По својата положба членови во Републичкиот совет за заштита на поредокот утврден со Уставот се:

Благој Попов, претседател на Извршниот совет на Собранието на СРМ,

Мирко Буневски, републички секретар за внатрешни работи,

ген. мајор Миле Арнаудовски, републички секретар за народна одбрана.

III

За член на Советот, како претставник на ЦК на СКМ и на другите општествено-политички организации во Републиката е определен Боро Денков, секретар на Извршниот комитет на Претседателството на ЦК на СКМ.

IV

За членови на овој Совет се именуваат:

Џемаил Вејсели, претседател на Претседателството на Сојузот на синдикатите на Македонија,

Боро Чаушев, командант на Републичкиот штаб за територијална одбрана.

V

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-499
3. XII. 1975 година
Скопје

Член на Претседателството
на СРМ,
**Љупчо Арсов**, с.р

471

Врз основа на член 3 и 13 од Законот за републичките совети („Службен весник на СРМ“ бр. 27/75) и член 86, став 3 од Деловникот на Претседателството на СРМ, а во согласност со органите и организациите што учествуваат во работата на Републичкиот совет за односи со странство, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 3. XII. 1975 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОВЕТ ЗА ОДНОСИ СО СТРАНСТВО И ЧЛЕНОВИ НА ОВОЈ СОВЕТ ОД РЕДОТ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ, НАУЧНИТЕ И СТРУЧНИТЕ РАБОТНИЦИ

I

За претседател на Републичкиот совет за односи со странство се именува Владо Малески, член на Претседателството на СРМ.

II

Членови на Републичкиот совет за односи со странство, определени од органите и организациите што учествуваат во работата на Советот:

Шукри Рамо, потпретседател на Собранието на СРМ, од Собранието на СРМ,

Милан Хорват, член на Извршниот совет, од Извршниот совет на Собранието на СРМ,

Душко Поповски, секретар во Извршниот комитет на Претседателството на ЦК СКМ, од Сојузот на комунистите на Македонија,

Томе Дракулевски, член на Секретаријатот на Претседателството на Републичката конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија, од Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија,

Киро Поповски, член на Секретаријатот и претседател на Комисијата за меѓународна соработка на Претседателството на Сојузот на синдикатите на Македонија, од Сојузот на синдикатите на Македонија,

Милан Џајковски, директор на „Алумина“ — Скопје, од Стопанската комора на Македонија.

III

За членови на Републичкиот совет за односи со странство од редот на општествените, научните и стручните работници се именуваат:

1. Д-р Христо Андонов — Полјански, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје,
2. Милка Божикова, советник на републичкиот секретар во Републичкиот секретаријат за култура,
3. Томе Буклевски, член на Претседателството на ЦК на СКМ,
4. Зоран Äограмаџиев, уредник на надворешно-политичка рубрика во Радио-телевизија Скопје,
5. Васко Костојчиновски, потсекретар во Републичкиот секретаријат за внатрешни работи,

6. Милчо Коцев, уредник на надворешно-политичка рубрика во НИП „Нова Македонија",
7. Тошо Поповски, претседател на Комисијата за надворешно-политички прашања и односи со странство на Собранието на СРМ,
8. Луан Старова, асистент на Филолошкиот факултет во Скопје,
9. Вања Тошевски, советник во Извршниот совет,
10. М-р Никола Чинго, стручен соработник во Републичкиот центар за идеолошко-политичко образование,
11. Д-р Тодор Џунов, вонреден професор на Правниот факултет,
12. Ацо Шопов, писател и член на МАНУ.

IV

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-498
3. XII. 1975 година
Скопје

Член на Претседателството
на СРМ,
**Љупчо Арсов,** с.р

**472**

Врз основа на член 376 став 1, алинеја 8 од Уставот на СРМ, а во врска со член 1 и 3 од Законот за помилување и член 85 од Кривичниот законик, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 3. XII. 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Изречената казна да им се услови за 1 година на:

1. Амди Али Ибраими, од Дебар,
2. Сами Али Ибраими, од Дебар,
3. Трпче Момчило Мариноски, од с. Јанчиште,
4. Љуба Киро Стефоска, од Охрид,
5. Трпко Стојан Трпчески, од с. Жилче,
6. Драги Боге Апостолоски, од с. Кошино.

II

Од неиздржаниот дел од казната да им се намали 6 месеци на:

1. Велин Киро Алексовски, од Гевгелија,
2. Димче Киро Бабунски, од Башино Село.

III

Неиздржаниот дел од казната да им се прости на:

1. Хасан Елес Дилавер, од Скопје,
2. Ристо Стојан Трајановски, од с. Мренога,
3. Гани Сакип Џевдат, од Скопје,
4. Лика Али Пајазит, од Тетово.

IV

Изречената казна да му се прости на:

1. Џемат Сали Мемедов, од Скопје.

V

Неиздржаниот дел од казната да им се услови за 2 години на:

1. Емин Нешат Емини, од с. Расадиште,
2. Боро Стојмир Балабанов, од Штип,
3. Борче Страхил Манев, од Штип.

VI

Изречената казна да му се услови за 2 години на:

1. Александар Михајло Сиљановски, од Скопје.

VII

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а да се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 10-497
3. XII. 1975 година
Скопје

Член на Претседателството
на СРМ,
**Љупчо Арсов,** с.р

**473**

Врз основа на точката 3 од Одлуката за распределба на средствата за изградба и опремување на нестопански објекти што се од општ интерес за Републиката за 1975 („Службен весник на СРМ" бр. 18/75 и 31/75), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува

## ОДЛУКА

### ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗГРАДБА НА РЕГИОНАЛНИ АРХИВИ

1. Од средствата за нестопански објекти наменети за изградба на регионални архиви што ќе се остварат во 1975 година, на Општината Битола и се доделуваат 1.250.000 динари за изградба на регионален архив.
2. Износот на средствата од претходната точка ќе ги преведува Републичкиот секретаријат за финансии, според динамиката на приливот на средствата.
3. Неискористените средства по оваа одлука се пренесуваат во наредната година.
4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 12-2352/1
18. XI. 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с.р.

**474**

Врз основа на чл. 30 став 3 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ" бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет на Собранието на СРМ донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОВЕТНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ЕКОНОМСКИ ОДНОСИ СО СТРАНСТВО

1. Се именува за советник на Републичкиот секретар за економски односи со странство ФРИЦХАНД БРАНКО, досегашен директор на сектор за економика и организација во Фабриката за шавни цевки — Урошевац.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 12-2477/1
26. XI. 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с.р.

## 475

Врз основа на член 107 од Законот за организацијата и подготовките на народната одбрана, Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

### РЕШЕНИЕ

**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА КОМАНДАНТ И ЗА ИМЕНУВАЊЕ КОМАНДАНТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ШТАБ ЗА ЦИВИЛНА ЗАШТИТА**

I. Се разрешува од должноста командант на Републичкиот штаб за цивилна заштита МЕТОДИЈА СТЕФАНОВСКИ, поради одење на нова должност.

II. За командант на Републичкиот штаб за цивилна заштита се именува

— д-р ВУЛНЕТ СТАРОВА, потпретседател на Извршниот совет на Собранието на СРМ.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Број 12-2474/1
26. 11. 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с.р.

## 476

Врз основа на член 18 и 20 од Законот за Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 40/71), а во врска со член 72, став 5 од Деловникот на Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 10/68) и член 18 од Одлуката за привремената внатрешна организација на Извршниот совет на Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ“ бр. 26/74), Извршниот совет, на седницата одржана на 2. 12. 1975 година, донесе

### РЕШЕНИЕ

**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОРОТ ЗА ВНАТРЕШНА ПОЛИТИКА И КОМУНАЛЕН СИСТЕМ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА**

I. Се разрешува од должноста претседател на Одборот за внатрешна политика и комунален систем на Извршниот совет

— д-р Трајче Грујоски

II. За претседател на Одборот за внатрешна политика и комунален систем на Извршниот совет се именува

— д-р Ѓорѓи Цаца, член на Извршниот совет и републички секретар за правосудство.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Број 12-2528/1
2. 12. 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с.р.

## 477

Врз основа на член 18 и 20 од Законот за Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 40/71), а во врска со член 72, став 5 од Деловникот на Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 10/68) и член 18 од Одлуката за привремената внатрешна организација на Извршниот совет на Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ“ бр. 26/74), Извршниот совет, на седницата одржана на 2. 12. 1975 година, донесе

### РЕШЕНИЕ

**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОРОТ ЗА СТОПАНСТВО НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА**

I. Се разрешува од должноста претседател на Одборот за стопанство на Извршниот совет

— Васил Туџаров,

II. За претседател на Одборот за стопанство на Извршниот совет се именува

— Милан Хорват, член на Извршниот совет на Собранието на СРМ.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Број 12-2529/1
2. 12. 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с.р.

## 478

Врз основа на член 24 став 3 од Законот за музејската дејност („Службен весник на СРМ“ бр. 41/73), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

### РЕШЕНИЕ

**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ ДИРЕКТОР НА ЕТНОЛОШКИОТ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА**

1. Се разрешува од должност директор на Етнолошкиот музеј на Македонија Вера Кличкова, поради пензионирање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-2401/1
18. 11. 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с.р.

## 479

Врз основа на член 24 став 3 од Законот за музејската дејност („Службен весник на СРМ“ бр. 41/73), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува

### Р Е Ш Е Н И Е

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ЕТНОЛОШКИОТ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА**

1. Се именува за директор на Етнолошкиот музеј на Македонија МАРИЈА ХАЏИ ПЕЦЕВА, досегашен директор на Заводот за заштита на спомениците на културата на град Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-2405/1
18 ноември 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**480**

Врз основа на член 43 став 3 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ТЕХНИЧКА СОРАБОТКА

1. Се именува за директор на Републичкиот завод за техничка соработка инж. Стојан Христов, виши советник во Извршниот совет.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-2402/1
18 ноември 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

**481**

Врз основа на член 30 став 3 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ СОВЕТНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА СООБРАЌАЈ И ВРСКИ

1. Ристо Јанковски, се разрешува од должност советник на републичкиот секретар за сообраќај и врски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-2403/1
18 ноември 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

**482**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста на членот 12 од Правилникот за распределба на личниот доход на работниците бр. 01-4547/1, донесен од советот на Медицинскиот центар во Струмица на 30 октомври 1972 година, по одржаната јавна расправа на 6 ноември 1975 година донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА ставот 2 на точката г) од членот 12 од Правилникот за распределба на личниот доход на работниците бр. 01-4547/1, донесен од советот на Медицинскиот центар во Струмица на седницата одржана на 30 октомври 1972 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во Медицинскиот центар во Струмица на начин определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, по повод на поднесена претставка, со решение У. бр. 27/75 од 3 септември 1975 година поведе постапка за оценување уставноста на членот 12 од правилникот означен во точката 1 на оваа одлука.

4. Во текот на претходната постапка и на јавната расправа, разгледувајќи го Правилникот за распределба на личниот доход на работниците од Медицинскиот центар во Струмица, Судот утврди дека според неговиот член 7 за распределба на средствата за личните доходи се утврдени следниве основи: а) образование б) раководење в) посебни услови и г) минат труд. Потоа, Судот утврди дека во членот 12 од овој правилник се утврдени во бодови мерилата за зголемување на индексната вредност на пресметковниот основ на личниот доход на работниците кои работат на работни места под посебни услови поради постоење опасност од јонизација и опасност од заразување. Во таа смисла со овој член од правилникот е определено поради опасност од јонизација на работниците што работат на работните места лекар-фтизиолог, кој истовремено работи со рентген апарати, рентген-техничари и рентгенолози пресметковниот основ за распределба на личниот доход да им се зголемува за 20 бода. Покрај тоа поради опасност од заразување лекар-фтизиолог добива уште 10 бода, додека за работниците на работни места рентген-техничари во антитуберкулозната служба не се предвидени мерила за зголемување на пресметковниот основ на личниот доход поради опасност од заразување.

Според ставот 1 на член 4 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд („Службен лист на СФРЈ“ бр. 22/73) работниците во основната организација на здружениот труд, меѓу другото, ги утврдуваат основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи и начинот на пресметување и исплата на личните доходи на работниците и на личните доходи за време поминато на работа ноќе или подолго од полното работно време. Од друга страна во алинејата 9 на делот II од Основните начела на Уставот на СР Македонија е определено дека неприкосновената основа на положбата и улогата на човекот ја сочинува еднаквоста на правата, должностите и одговорностите на луѓето во согласност со уставноста и законитоста.

Со оглед на тоа што со ставот 2 на точката г) од членот 12 од Правилникот за распределба на личниот доход на работниците од Медицинскиот центар во Струмица воопшто не се утврдени мерила односно бодови за учеството на работниците на работното место рентгентехничар во антитуберкулозниот диспанзер во распределбата на средствата за лични доходи и по основот опасност од заразување иако и овие работници се изложени на таква опасност, Судот утврди дека оваа одредба од правилникот не е во согласност со уставното начело за еднаквоста на правата, должностите и одговорностите на луѓето.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 27/75
6 ноември 1975 година
Скопје

Го заменува Претседателот
Судија
на Уставниот суд на Македонија,
**Боро Доганџиски**, с. р.

**483**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста на ставот 3 на член 10 од Самоуправната спогодба за распределба на доходот и личните доходи бр. 534 утврдена на собирот на работниците на Трговското претпријатие „Јасен“ во Прилеп одржан на 27 февруари 1975 година, по јавната расправа одржана на 15 октомври 1975 година донесе

# ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА ставот 3 на член 10 од Самоуправната спогодба за распределба на доходот и личните доходи бр. 534 утврдена на собирот на работниците на Трговското претпријатие „Јасен“ во Прилеп одржан на 27 февруари 1975 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во Трговското претпријатие „Јасен“ во Прилеп на начин определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија по повод поднесена претставка, со решение У. бр. 51/74 од 9 април 1975 година поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на самоуправната спогодба означена во точката 1 на оваа одлука и на Табеларниот преглед кој е составен дел на оваа самоуправна спогодба. Постапката поведена за оценувањето на нивната уставност и законитост Судот ја запре со решение У. бр. 51/74 донесено на 15 октомври 1975 година, затоа што утврди дека работниците во означеното претпријатие ја отстраниле неуставноста и незаконитоста на оспорените акти.

4. На јавната расправа, разгледувајќи го посебно ставот 3 на член 10 од означената самоуправна спогодба, Судот утврди дека во него е определено на работниците во оваа организација на здружениот труд да им припаѓа личен доход по основот минат труд во износ од 5 динари за секоја година на работно искуство во оваа организација и надвор од неа.

Според членот 22 од Уставот на СР Македонија и ставот 2 на член 42 од Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд („Службен лист на СФРЈ“ бр. 22/73) на секој работник, во согласност со начелото на распределба според трудот и со порастот на продуктивноста на неговиот и на вкупниот општествен труд и со начелото на солидарноста на работниците во здружениот труд, му припаѓа од доходот на основната организација на здружениот труд личен доход за задоволување на неговите лични, заеднички и општи општествени потреби, според резултатите од неговиот труд и неговиот личен придонес што со својот тековен и минат труд го дал за зголемувањето на доходот на основната организација. Од овие одредби на Уставот и законот произлегува дека личниот доход на работникот како по основот тековен труд така и по основот минат труд, треба да се утврдува во зависност од резултатите на неговиот труд и неговиот личен придонес за зголемувањето на доходот на основната организација, а според мислењето на Судот резултатите од трудот на работникот и неговиот личен придонес за зголемувањето на доходот на основната организација не се еднакви кај сите работници. Со оглед на тоа што во ставот 3 на член 10 од означената самоуправна спогодба делот од личниот доход на работникот по основот минат труд е утврден во еднаков фиксен износ во динари за сите работници во оваа организација независно од резултатите од трудот на работникот и неговиот личен придонес за зголемувањето на доходот на основната организација, Судот оцени дека означената одредба од самоуправната спогодба не е во согласност со членот 22 од Уставот на СР Македонија и со ставот 2 на член 42 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд.

На основа изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 51/74
15 октомври 1975 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Асен Групче**, с. р.

**484**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја законитоста на Правилникот за распределба на личниот доход на работниците, донесен од работничкиот совет на Градежното претпријатие „Пелагонија“ во Скопје на седницата од 27 јули 1972 година, по јавната расправа одржана на 22 октомври 1975 година донесе

# ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Правилникот за распределба на личниот доход на работниците, донесен од работничкиот совет на Градежното претпријатие „Пелагонија“ во Скопје на седницата одржана на 27 јули 1972 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во Градежното претпријатие „Пелагонија“ во Скопје на начин определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, по повод поднесена претставка, со решение У. бр. 79/74 од 3 јули 1975 година поведе постапка за оценување законитоста на правилникот означен во точката 1 на оваа одлука, а посебно за оценување уставноста и законитоста на членот 18 од правилникот, како и на Табеларниот преглед на стартните основи за пресметување на личните доходи на работниците што е составен дел на означениот правилник.

4. Во текот на претходната постапка и на јавната расправа Судот утврди дека означениот правилник е донесен од работничкиот совет на Градежното претпријатие „Пелагонија“ во Скопје на седницата од 27 јули 1972 година, односно пред влегувањето во сила на Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд („Службен лист на СФРЈ“ бр. 22/73), дека тој е сè уште во сила и дека врз основа на овој правилник се врши распределбата на средствата за лични доходи на работниците во сите основни организации на здружен труд што се во состав на означеното претпријатие.

Според членот 4 од означениот закон правата и обврските од меѓусебните односи во здружениот труд ги уредуваат работниците во основната организација и тоа со самоуправни спогодби, а според членот 76 од овој закон работниците во организациите на здружениот труд беа должни до крајот на 1973 година своите меѓусебни односи во здружениот труд да ги уредат во согласност со одредбите на овој закон. Со оглед на тоа што и по истекот на рокот определен во законот работниците во основните организации на здружениот труд во состав на Градежното претпријатие „Пелагонија“ во Скопје не склучиле самоуправни спогодби за распределба на средствата за лични доходи, а распределбата на овие средства сè уште се врши врз основа на оспорениот правилник, кој е донесен од работничкиот совет на означеното претпријатие, Судот утврди дека правилникот не е во согласност со означените одредби од законот.

5. Оценувајќи одделни одредби од правилникот Судот утврди дека според членот 30 од правилникот основи за пресметување на личниот доход на работниците се: а) основниот работен учинок за работните места на кои извршувањето на работите се мери по учинок, а за работните места на кои извршувањето на работите не може да се мери по учинок ефективното време поминато на работа во текот на пресметковниот период; б) висината на стартната основа на личниот доход определена за работното место. Судот исто така утврди дека во членот 13 од правилникот е определено висината на стартната основа на личниот доход по работни места да се утврдува во фиксен износ или по работен час, а во членот 14 од правилникот како мерила односно основи за утврдување висината на стартните основи по работни

места се утврдени: стручните и работните способности, работниот стаж во струката, физичките и умствените напрегања, одговорноста на работното место и спретноста. Потоа Судот утврди дека во ставот 1 на член 15 од правилникот е определено стартните основи на личните доходи на работниците чиј работен придонес не се мери со норми (посредните работници), за секој работник поодделно да го определува комисија формирана од извршниот одбор, заедно со управите на организациите на здружениот труд, а дека според ставот 2 на овој член од правилникот, стартните основи на работниците на раководни работни места ги определува извршниот одбор. Освен тоа Судот утврди дека во оспорениот правилник не се определени мерила за влијанието на секој од утврдените основи врз придонесот на работниците чиј работен придонес не се мери по учинок, а дека во Табеларниот преглед на стартните основи за пресметување на личните доходи на работниците, кој е составен дел на правилникот, месечните аконтации на личните доходи на работниците се утврдени во определен распон во динари. Најпосле Судот на јавната расправа утврди дека во членот 26 од правилникот е определено ценовникот за сите видови работи што се мерат по учинок да го донесува Извршниот одбор на работната организација, врз основа на нормативите што се во сила и стартната основа на личниот доход.

Во остварувањето на начелото за распределба според трудот утврдено во членот 22 од Уставот на СР Македонија и ставот 2 на член 42 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд, работниците во основната организација на здружениот труд, согласно ставот 1 на член 23 од Уставот и ставот 1 на член 4 од означениот закон, ги утврдуваат основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи, како и начинот за пресметување и исплата на личните доходи. Со оглед на тоа што во означениот правилник, како и во Табеларниот преглед на стартните основи, кој е составен дел на правилникот, работниците не определиле мерила за влијанието на секој од основите утврдени во членот 14 од правилникот врз работниот придонес на работниците чија работа не се мери по учинок и што согласно членот 15 од оспорениот правилник за висината на личниот доход на секој работник одлучува колегијален орган без мерила претходно определени непосредно од работниците за влијанието на секој од утврдените основи врз работниот придонес на работникот, Судот утврди дека оспорениот правилник, а посебно неговиот член 15, како и Табеларниот преглед не се во согласност со членот 22 и со ставот 1 на член 23 од Уставот на СР Македонија и со ставот 1 на член 4 и ставот 2 на член 42 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд. Судот исто така оцени дека и членот 26 од правилникот не е во согласност со ставот 1 на член 23 од Уставот на СР Македонија како и со ставот 1 на член 4 од означениот закон затоа што според тој член од правилникот ценовникот во кој се определени мерилата за учеството во распределбата на средствата за лични доходи на работниците кои работат по учинок го донесува извршен орган, а не непосредно работниците, а според мислењето на Судот работниците во основната организација треба да ги донесуваат како правилникот за норми така и ценовникот на работите.

На основа изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 79/74
22 октомври 1975 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Асен Групче**, с. р.

## 485

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја законитоста на Одлуката за утврдување на придонесите од личниот доход на граѓаните и од доходот на основните организации на здружениот труд за самоуправните интересни заедници на општина Радовиш бр. 02-675, донесена од Собранието на општина Радовиш на седницата од 17 мај 1975 година, по јавната расправа одржана на 6 ноември 1975 година донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УТВРДУВА дека во време на важењето на Одлуката за утврдување на придонесите од личниот доход на граѓаните и од доходот на основните организации на здружениот труд за самоуправните интересни заедници на општина Радовиш бр. 02-675, донесена од Собранието на општината Радовиш на седницата одржана на 17 мај 1975 година („Службен гласник на општина Радовиш" бр. 3/74) не биле во согласност:

а) членот 2 од одлуката со членовите 49 и 50 во врска со членот 19 од Законот за самоуправните интересни заедници на образованието („Службен весник на СРМ" бр. 5/74);

б) членот 3 од одлуката со членот 32 во врска со членот 20 од Законот за самоуправните интересни заедници на културата („Службен весник на СРМ" бр. 5/74); и

в) членот 4 од одлуката со членовите 46 и 47 во врска со членот 34 од Законот за физичката култура и самоуправните интересни заедници на физичката култура („Службен весник на СРМ" бр. 5/74).

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во „Службен гласник на општина Радовиш".

3. Самоуправната интересна заедница на културата во Радовиш му поднесе на Уставниот суд на Македонија предлог за оценување законитоста на членот 3 од одлуката означена во точката 1 на ова решение. Според наводите во предлогот оваа одредба од одлуката била незаконита затоа што не ги предвидувала придонесите од личен доход од самостојно вршење на стопанска и нестопанска дејност како извори на средства на Самоуправната интересна заедница на културата во Радовиш, кои ги обезбедуваат работните луѓе од подрачјето на општината, утврдени во членот 20 од Законот за самоуправните интересни заедници на културата.

4. На јавната расправа Уставниот суд на Македонија утврди дека со оспорената одредба од одлуката не се предвидени придонесот од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност и придонесот од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност како извори на средства на Самоуправната интересна заедница на културата во Радовиш. При тоа Судот утврди дека овие придонеси не се предвидени ниту во членовите 2 и 4 од одлуката. На оваа расправа Судот утврди и тоа дека самоуправните интересни заедници на образованието, културата и на физичката култура во Радовиш донеле одлуки со кои ги определиле придонесите пропишани со закон и ги утврдиле стапките на овие придонеси со важност од 1 јануари 1975 година, со што престанала важноста на одлуката чија одредба е оспорувана.

Со оглед на тоа што предлогот за оценување законитоста на членот 3 од означената одлука е поднесен пред престанокот на важноста на одлуката како и поради тоа што од денот на престанокот на одлуката чија одредба се оспорува до денот на одлучувањето не поминало повеќе од една година Судот одлучи да се впушти во оценување законитоста на одделни одредби од одлуката — став 2 на член 419 од Уставот на СР Македонија.

5. Според членот 19 од Законот за самоуправните интересни заедници на образованието средствата на заедниците за основно образование и воспитување ги обезбедуваат работните луѓе, покрај другото, со придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност и со придонес од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност. Со ставот 1 на член 49 од овој закон е предвидено дека, доколку заедниците на основното образование не бидат основани до 31 март 1974 година, собранието на општината ќе донесе одлука за основање на заедница на основното образование. Според членот 50 од истиот закон заедниците на основното образование најдоцна до 31 март 1974 година ќе ги утврдат стапките на придонесите на образованието, а доколку до тој ден не се утврдат овие стапки, ќе се применуваат стапките што ќе ги утврди собранието на општината. Со членот 20 од Законот за самоуправните интересни заедници на културата е пропишана обврска средствата на заедницата на културата работните луѓе да ги обезбедуваат, покрај другото, со придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност и со придонес од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност. Според членот 32 од овој закон ако општинската заедница на културата не се конституира до 31 март 1974 година, собранието на општината ќе донесе одлука за основање на општинска заедница на културата со која ќе ги утврди и стапките на придонесите од членот 20 на овој закон. Со членот 34 од Законот за физичката култура и самоуправните интересни заедници на физичката култура е предвидено средства на заедниците на физичката култура да им обезбедуваат работните луѓе, покрај другото, со придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност и со придонес од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност. Со членот 45 од овој закон е предвидено заедниците на физичката култура да отпочнат со работа до 31 март 1974 година, а со членот 46 од истиот закон е предвидено доколку општинските заедници на физичката култура не се основаат до овој ден собранието на општината ќе донесе одлука за основање на општинска заедница на физичката култура. Според членот 47 од овој закон заедниците на физичката култура ќе ги утврдат стапките на придонесите според овој закон, најдоцна до 31 март 1974 година, а ако во овој рок не се утврдат стапките на придонесите на заедницата на физичката култура од тој ден привремено ќе се применуваат стапките што ќе ги утврди собранието на општината.

6. Уставниот суд на Македонија смета дека собранието на општината со закон е овластено да основа општински заедници на образование, култура и физичка култура и да ги утврдува стапките на придонесите пропишани со закон, ако во законски предвидениот рок не се конституираат овие заедници и дека во таков случај општинското собрание е должно да ги предвиди сите придонеси предвидени со закон.

Со оглед на тоа што со членовите 2, 3 и 4 од означената одлука Собранието на општина Радовиш не ги предвидело сите придонеси определени со закон, туку само некои од нив, Судот оцени дека, во време на важењето на одлуката, не биле во согласност: членот 2 од одлуката со ставот 1 на членовите 49 и 50 во врска со членот 19 од Законот за самоуправните интересни заедници на образованието, членот 3 од одлуката со ставот 2 на член 32 во врска со членот 20 од Законот за самоуправните интересни заедници на културата и членот 4 од одлуката со членовите 46 и 47 во врска со членот 34 од Законот за физичката култура и самоуправните интересни заедници на физичката култура.

7. На основа изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 101/74
6 ноември 1975 година
Скопје

Го заменува Претседателот
Судија
на Уставниот суд на Македонија,
**Мире Доновски,** с. р.

---

**486**

Уставниот суд на Македонија, на основа ставот 1 на член 58 и членот 66 од Законот за Уставниот суд на Македонија, на седницата одржана на 19 ноември 1975 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување уставноста на членовите 84—89 и членот 95 од Законот за станбените односи („Службен весник на СРМ" бр. 36/73).

2. Здружението на сопственицте на семејни станбени згради и станови во Македонија му поднесе на Уставниот суд на Македонија претставка со барање да се поведе постапка за оценување уставноста на одредбите од Законот за станбените односи означени во точката 1 на ова решение. Според наводите во претставката означените одредби од законот не се во согласност со членовите 94, 103 и 204 од Уставот на СР Македонија. Здружението смета дека членот 94 од Уставот на граѓаните им го гарантира правото на сопственост на станбени згради и станови што служат за задоволување на личните и семејните потреби и дека тоа право може да биде ограничено само во случаите и под условите предвидени во членот 100 од Уставот. Меѓутоа, според наводите во претставката, со оспорените одредби од законот се вршат такви ограничувања на правата на сопствениците на семејни станбени згради и станови во кои живеат носители на станарско право, кои практично го укинуваат ова уставно право, без за тоа да постои основ во Уставот. Во претставката исто така се наведува дека овие одредби од законот се спротивни и на начелото на рамноправноста на граѓаните утврдено во членот 204 од Уставот затоа што се утврдуваат различни права и обврски на сопствениците на семејни станбени згради и станови во кои живеат носители на станарско право и сопствениците на ваквите станбени згради и станови во кои не живеат носители на станарско право. Најпосле во претставката се наведува и тоа дека означените одредби од Законот за станбените односи не се во согласност и со членот 103 од Уставот затоа што според оваа одредба од Уставот за станбените потреби на работните луѓе и граѓаните што не се во состојба на друг начин да обезбедат стан се грижи општината, па според мислењето изнесено во претставката, противуставно е што сопствениците на становите се задолжуваат да го решаваат станбеното прашање на определена категорија граѓани.

Подоцна, Комисијата за претставки и поплаки на Собранието на СФРЈ му ја достави на надлежност на Уставниот суд на Македонија и заедничката претставка што делегатите на сите републички здруженија на сопствениците на семејни станбени згради и станови, освен од СР Црна Гора и САП Косово, ја упатиле до Собранието на СФРЈ, во која исто така се изнесува мислење дека се противуставни одредбите од републичките закони со кои се уредува прашањето за правата на сопствениците на семејните станбени згради и станови во кои живеат носители на станарско право.

3. Разгледувајќи го Законот за станбените односи Уставниот суд на Македонија утврди дека со ставот 1 на член 84 од законот е определено дека сопственикот на семејна станбена зграда има право да се усели во празен стан во својата зграда, додека во членот 86 од законот е утврдено право на сопственикот на семејна станбена зграда станот што го користи во своја или друга зграда да го замени за друг свој стан, под услов на носителот на станарско право да му понуди во замена друг стан што одговара на потребите на неговото семејно домаќинство, со тоа што понудениот стан не мора да биде поголем од станот што тој треба да го користи. Потоа, во членот 88 од законот е определено дека ако носителот на станарско право не се согласи со замената, ова свое право сопственикот може да го остварува преку надлежниот суд. Најпосле во членот 95 од законот е определено дека корисниците на стан во семејни станбени згради и станови, како посебни делови на зграда во сопственост на граѓаните, ги имаат сите права и обврски на носител на станарско право ако во станот се уселени врз основа на акт од надлежниот орган или на станот стекнале станарско право, а дека сопствениците ги имаат правата на давател на стан на користење.

Од друга страна во членот 74 од Законот за станбените односи е определено дека сопственикот на семејна станбена зграда може стан во својата зграда да издаде на користење доколку не го користи сам или членовите на неговото семејно домаќинство, а во членот 75 од законот е определено дека корисникот на станот од претходниот член не се здобива со станарско право, туку само со правата и обврските утврдени во договорот за користење на станот.

Според ставот 1 на член 214 од Уставот на СР Македонија загарантирано му е на граѓанинот стекнување станарско право на стан во општествена сопственост со кое му се обезбедува под услови определени со закон трајно да користи стан во општествена сопственост заради задоволување на личните и семејните потреби, а според ставот 2 на овој член од Уставот правото на граѓаните за користење стан на кој постои право на сопственост се уредува со закон. Со оглед на тоа што Законот за станбените односи определува дека корисник на стан во семејна станбена зграда на која постои право на сопственост не се стекнува со станарско право, туку само со права и обврски утврдени во договорот за користење на станот, Судот смета дека не може со основ да се постави прашањето за согласноста на овој закон со членот 214 од Уставот, затоа што законот не предвидува можност за стекнување станарско право врз стан на кој постои право на сопственост. Одредбите од членовите 84, 86, 88 и 95 од Законот за станбените односи ги уредуваат затечените состојби во областа на станбените односи настанати пред влегувањето во сила на законот, поради што според мислењето на Судот, тие имаат карактер и значење на преодни одредби. При тоа, со овие одредби од законот не само што не се овозможува ново стекнување на станарско право во станбена зграда односно стан во сопственост на граѓаните, туку со нив се обезбедува постепена ликвидација на односите носител на станарско право—сопственик на семејна станбена зграда односно стан, што е во согласност со начелото утврдено во членот 214 од Уставот. Од друга страна, престанокот на станарското право на стан во семејна станбена зграда односно стан во сопственост на граѓаните, стекнато врз основа на порано важечките прописи, според мислењето на Судот, би било спротивно на начелото за забрана на повратното дејство на законите и на другите прописи утврдено во членот 262 од Уставот.

Во врска со наводите во претставката дека со оспорените одредби од законот се ограничува правото на граѓаните да имаат во сопственост станбени згради и станови за задоволување на личните и семејните потреби, утврдено во ставот 2 на член 94 од Уставот, Судот врз основа на членовите 98, 100 и точката 9 од став 1 на член 301 од Уставот застана на мислење дека правото на сопственост утврдено со членот 94 од Уставот не е апсолутно и дека тоа може со закон да биде ограничено во однос на одделни овластувања.

Оценувајќи ги наводите во претставката дека оспорените одредби од Законот за станбени односи се во спротивност со уставното начело за рамноправноста на граѓаните определено во членот 204 од Уставот, Судот утврди дека се тие неосновани затоа што начелото на рамноправност на граѓаните утврдено во овој член од Уставот, според мислењето на Судот, се остварува при еднакви услови определени во Уставот и законот. Поради тоа Судот смета дека не може да станува збор за нерамноправна положба на сопствениците на станбени згради и станови во кои граѓаните се стекнале со станарско право и сопствениците на станбени згради и станови со кои граѓанинот се стекнал само со право на користење, затоа што тие не се наоѓаат во еднакви услови.

Најпосле, Судот го оцени како неоснован и наводот во претставката дека оспорените одредби од законот се спротивни на ставот 2 на член 103 од Уставот во кој е определено дека општината се грижи за станбените потреби на работните луѓе и граѓаните што не се во состојба на друг начин да обезбедат стан, затоа што Судот смета дека оваа уставна одредба ја обврзува општината само во поглед на лицата кои поради својата материјална или социјална положба не можеле да го решат станбеното прашање, а не е и во поглед на лицата на кои станбеното прашање им е решено врз основа на порано важечките прописи.

Со оглед на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на ова решение.

У. бр. 90/74
19 ноември 1975 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Асен Групче**, с. р.

---

Врз основа на член 11 од Законот за саден материјал („Службен весник на СРМ“ бр. 10/73), Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство објавува

## СПИСОК
## НА ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД ЗА ВРШЕЊЕ НА СТРУЧНА КОНТРОЛА НАД ПРОИЗВОДСТВОТО НА САДЕН МАТЕРИЈАЛ

1. Институт за шумарство и дрвна индустрија при ЗДИШ „Треска“ — Скопје.

Број 09-820/2
16 април 1975 година
Скопје

Републички секретар
за земјоделство и шумарство,
д-р **Јанко Лазаревски**, с. р.

---

## ДОПОЛНУВАЊЕ
## НА ОБЈАВАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА САДЕН МАТЕРИЈАЛ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство, во смисла на член 18 од Законот за саден материјал („Службен весник на СР Македонија“ бр. 10/73), објавува дека во Регистарот на шумски саден материјал се запишува:

— ЗДИШ „Треска“ — ООЗТ тополарство и земјоделство „Топола“ — Скопје, Рег. бр. 28, страна 28, книга III, решение бр. 09-611/1 од 30. III. 1975 година.

ДОПОЛНУВАЊЕ
НА ОБЈАВАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ И ДОРАБОТУВАЧИ НА ШУМСКО СЕМЕ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство, во смисла на член 24 од Законот за семе („Службен весник на СРМ“ бр. 18/73), објавува дека во Регистарот на производители и доработувачи на шумско семе се запишуваат следните организации на здружениот труд:

— ЗДИШ „Треска“ — погон шумско стопанство „Кожуф“ — Гевгелија, Рег. бр. 1, страна 1, книга бр. 1, решение бр. 09-УП/І°-25 од 3. III. 1975 година;

— Шумско стопанство „Караџица“ — Скопје, Рег. бр. 2, страна 2, книга бр. I, решение бр. 09-УП/І°-184 од 14. Х. 1975 година;

— Организација на здружен труд Национални паркови и ловишта — Основна организација на здружен труд Национален парк „Маврово“ — Маврови Анови. Рег. бр. 3, страна 3, книга бр. I, решение бр. 09-УП/І°-196.

## ОПШТЕСТВЕНИ ДОГОВОРИ И САМОУПРАВНИ СПОГОДБИ

**342**

Врз основа на член 10 од Законот за општествено договарање и самоуправно спогодување за основите и мерилата за распределба на доходот и личните доходи и за општествено насочување на распределбата на доходот („Службен весник на СРМ“ бр. 24/71), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, Републичкиот одбор на Синдикатот на работниците од општествените дејности на Македонија, Заедницата за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување, Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, Републичката заедница на вработувањето, Републичката заедница на културата, Републичката самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата, Општата заедница за образование, Републичката заедница за физичка култура, Републичката заедница на научните дејности и Самоуправната интересна заедница на станувањето го склучија следниот

### ПОСЕБЕН ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР
### ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И МЕРИЛАТА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ЛИЧНИОТ ДОХОД И ДРУГИТЕ ЛИЧНИ ПРИМАЊА НА СЕКРЕТАРИТЕ НА РЕПУБЛИЧКИТЕ САМОУПРАВНИ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

Член 1

Со овој Општествен договор се утврдуваат критериумите и мерилата за усогласување на личните доходи, на личните примања од средствата за заедничка потрошувачка и на личните примања што ги товарат материјалните трошоци на секретарите на републичките самоуправни интересни заедници.

Член 2

Личните доходи на секретарите на републичките самоуправни интересни заедници по сите основи и мерила вклучително по основ на минатиот труд, се усогласуваат и можат да се движат до висината на надоместокот на личен доход по сите основи како и според критериумите и мерилата што се утврдени за замениците на републичките секретари.

Член 3

Личните примања од средствата на заедничката потрошувачка и на товар на материјалните трошоци на секретарите на републичките самоуправни интересни заедници се усогласуваат со критериумите и мерилата за соодветните примања утврдени во Посебниот општествен договор склучен за функционерите на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, општествено-политичките организации и Стопанската комора на Македонија и во актите донесени врз основа на тој договор.

Член 4

Потписниците на овој договор во рок од 45 дена од неговото влегување во сила ќе ги усогласат со него своите општи акти.

Член 5

Овој договор влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува:

— по однос на личните доходи од 1 јануари 1975 година;

— за останатите одредби, од денот на влегувањето во сила на Договорот.

За Извршниот совет на Собранието на СР Македонија,
**Душко Ѓорѓиев,** с.р.

За Републичкиот одбор на Синдикатот на работниците од општествените дејности на Македонија,
**Васко Попоски,** с. р.

За Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија,
**Лилјана Манева,** с.р.

За Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување,
**Никола Арсовски,** с. р.

За Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита

За Републичката заедница на вработувањето,
**Миливој Димитровски,** с.р.

За Републичката заедница на културата,

За Републичката самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата

За Општата заедница на образованието,
проф. **Димче Левков,** с.р.

За Републичката заедница на физичката култура,
**Димитар Поповски,** с.р.

За Заедницата на научните дејности,
д-р **Тодор Цунов,** с. р.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

## ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**343**

Врз основа на член 149 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 46/72) и член 203 став 1 точка 6 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 28/73), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 22 декември 1975 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА СТАПКАТА НА ОСНОВНИОТ ПРИДОНЕС ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 1976 ГОДИНА

I

Стапката на основниот придонес за пензиско и инвалидско осигурување за 1976 година се определува на 9,2% од бруто износите на личните доходи и другите примања што служат за утврдување на пензиската основа, односно во висина од 12,95 од нето износите на личните доходи и другите примања што служат за утврдување на пензиската основа.

Пресметувањето и уплатувањето на основниот придонес за пензиско и инвалидско осигурување со примена на стапката на придонесот на нето личните доходи и другите примања што служат за утврдување на пензиската основа определена во претходниот став ќе се применува до колку бруто личниот доход не ги содржи сите придонеси од бруто личниот доход.

II

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1976 година.

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Бр. 01-1605/1
22 декември 1975 година
Скопје

За претседател,
**Ангел Теов,** с.р.

---

**344**

Врз основа на член 148 и 149 став 5 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 46/72) и член 203 став 1 точка 6 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 28/73), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 22 декември 1975 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА СТАПКИТЕ НА ДОДАТНИОТ ПРИДОНЕС ЗА ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ НА ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО НАСТАНАЛЕ ВО ВРСКА СО ИНВАЛИДНОСТА НАД УТВРДЕНИОТ ПРОСЕК ЗА 1976 ГОДИНА

I

Додатен придонес за инвалидско осигурување за покривање на трошоците на инвалидското осигурување што настанале во врска со инвалидноста над утврдениот просек, во 1976 година плаќаат сите организации на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници и други работни заедници кои не се организирани како организации на здружен труд (во натамошниот текст: организациите) кои според својата дејност спаѓаат во групите на дејности во кои бројот на инвалидите го надминува определениот просек и се опфатени со оваа одлука.

II

Додатниот придонес од точка I на оваа одлука го плаќаат организациите кои според својата дејност се распределени во следниве групи на дејности:

| | |
|---|---|
| 123, 125, 511, 740, 812 | по стапка од 0,15% |
| 117, 120, 122, 311 | по стапка од 0,40% |
| 121, 412 | по стапка од 0,70% |
| 516 | по стапка од 0,90% |
| 115 | по стапка од 1,15% |
| 114 | по стапка од 1,40% |
| 116, 413 | по стапка од 1,75% |

III

Организациите кои вработуваат инвалиди на трудот од II и III категорија на инвалидност со полно работно време можат да бараат намалување на стапката на додатниот придонес од точка II на оваа одлука и тоа за:

— 10% ако во просек вработуваат еден инвалид на трудот на 71 до 100 активни осигуреници,

— 15% ако во просек вработуваат еден инвалид на трудот на 51 до 70 активни осигуреници,

— 20% ако во просек вработуваат еден инвалид на трудот до 50 активни осигуреници.

Во бројот на вработени инвалиди на трудот не влегуваат инвалидите кои организациите се должни да ги вработат согласно со Законот.

IV

За измена на стапките односно престанување на обврските за плаќање на овој придонес поради знатно изменети услови односно околности кај одделни организации одлучуваат стручните служби на општинските заедници на здравството и здравственото осигурување, по службена должност или на предлог на заинтересираните организации.

Измената на стапките односно престанување на обврските за плаќање на овој придонес се применува од првиот ден на наредниот месец по поднесувањето на барањето односно по одлучувањето по службена должност.

V

Основица за пресметување на додатниот придонес за инвалидското осигурување за покривање на трошоците на инвалидското осигурување што настанале во врска со инвалидноста над утврдениот просек, претставува нето личниот доход остварен од работа на работниците во редовно работно време, од работа подолга од полното работно време и од дополнителна работа.

VI

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1976 година.

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Бр. 01-1606/1
22 декември 1975 година
Скопје

За претседател,
**Ангел Теов,** с.р.

**345**

Врз основа на член 148 и 149 став 4 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 46/72) и член 203 став 1 точка 6 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Сл. весник на СРМ“ бр. 28/73), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 22 декември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СТАПКИТЕ НА ДОДАТНИОТ ПРИДОНЕС ЗА СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО ШТО СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ

I

Додатниот придонес за стажот на осигурувањето што се смета со зголемено траење служи за покривање на зголемените обврски на пензиското и инвалидското осигурување што настануваат поради сметањето на стажот на осигурувањето со зголемено траење и со намалувањето на старосната граница на осигурениците на одредени работни места односно работи.

II

Додатниот придонес од точка 1 на оваа одлука го плаќаат организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници и други работни заедници кои не се организирани како организации на здружениот труд по стапка од:

а) 4,60% на бруто, односно 6.475% на нето основица — за работниците вработени на работни места на кои секои 12 месеци ефективно поминати на работа им се сметаат како 18 месеци стаж на осигурување,

б) 3,067% на бруто, односно 4.316% на нето основица — за работниците вработени на работни места на кои секои 12 месеци ефективно поминати на работа им се сметаат како 16 месеци стаж на осигурување.

в) 2,30% на бруто, односно 3.237% на нето основица — за работниците вработени на работни места на кои секои 12 месеци ефективно поминати на работа им се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување,

г) 1,53% на бруто, односно 2.158% на нето основица — за работниците вработени на работни места на кои секои 12 месеци ефективно поминати на работа им се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.

III

Додатниот придонес за пензиско и инвалидско осигурување по стапките од точка 2 на оваа одлука се пресметува на нето личниот доход на работниците вработени на работни места, односно работи на кои стажот на осигурувањето им се смета со зголемено траење.

Со оваа одлука се опфатени осигурениците од член 116 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

IV

Со денот на примената на оваа одлука престанува да важи Одлуката за продолжување важноста на Одлуката за стапките на додатниот придонес за стажот на осигурувањето што се смета со зголемено траење за 1974 година („Службен весник на СРМ“ бр. 50/74).

V

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1976 година.

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Бр. 01-1607/1
22 декември 1975 година
Скопје

За претседател,
**Ангел Теов**, с.р.

---

**346**

Врз основа на член 148 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 46/72) и член 203 став 1 точка 8 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 28/73), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 22 декември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА СРЕДСТВАТА ШТО ВО 1976 ГОДИНА ЗАДОЛЖИТЕЛНО СЕ ИЗДВОЈУВААТ ОД ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ЗА РЕЗЕРВАТА НА ФОНДОТ И ЗА ВИСИНАТА НА СРЕДСТВАТА ШТО ЌЕ СЛУЖАТ ЗА ОБРТНИ СРЕДСТВА

I

Од вкупните приходи на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, за резервата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување се издвојуваат средства во висина од 2%.

II

Дел од средствата на резервата што ќе служи за обртни средства се утврдува во висина од 10% од вкупно остварените расходи на Фондот во 1975 година.

III

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1976 година.

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Бр. 01-1608/1
22 декември 1975 година
Скопје

За претседател,
**Ангел Теов**, с.р.

**347**

Врз основа на член 148 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 46/72) и член 203 став 1 точка 19 и член 246 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 28/73), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 22 декември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА СТАПКАТА ЗА ИЗДВОЈУВАЊЕ ОД ВКУПНИТЕ ПРИХОДИ НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ЗАКРЕПНУВАЊЕ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ПЕНЗИЈА И НА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРАВА ОД ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ВО 1976 ГОДИНА

I

Од вкупните приходи на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување ќе се издвојуваат во 1976 година наменски средства за закрепнување на корисниците на пензија и на определени права од инвалидското осигурување по стапка од 1,5% од вкупниот износ на исплатените пензиски примања и исплатениот надоместок на материјалното обезбедување во врска со професионалната рехабилитација и на привремениот надоместок во врска со вработувањето, освен додатокот за помош и нега.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1976 година.

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Бр. 01-1609/1
22 декември 1975 година
Скопје

За претседател,
**Ангел Теов**, с.р.

**348**

Врз основа на член 147 и 151 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 46/72) и член 203 став 1 точка 6 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 28/73), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 22 декември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПАУШАЛНИ ИЗНОСИ НА ПРИДОНЕС ЗА ЛИЦАТА ОСИГУРЕНИ ЗА ОДДЕЛНИ ПРАВА ОД ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

I

Паушалните износи на придонесот за инвалидско осигурување се утврдуваат:

а) за лицата осигурени само за случај на инвалидност и телесно оштетување предизвикано со несреќа на работа и професионална болест, и тоа:

— работници кои работат на работно место за кое е предвидено работно време пократко од полното работно време,

— ученици на училишта за средно образование и студенти на виши и високи школи, факултети и уметнички академии, кога вршат задолжителна практична работа во училници или работилници или кога вршат практична работа во организации на здружен труд и други самоуправни организации и заедници, државни органи, општествено- политички организации и здруженија и други работни заедници што не се организирани како организации на здружениот труд,

— лица на доброволна практика (волонтери) кои не остваруваат личен доход,

— лица кои вршат работи или задачи по основа на договор за дело по прописите за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд,

— југословенски државјани кои согласно важечките прописи се упатени во странство за учење односно здобивање на практика,

— странски државјани кои се наоѓаат на учење односно практика во Југославија, ако државата чии државјани се тие исто така постапува со југословенските државјани, доколку со меѓународна спогодба не е определено поинаку,

б) за лицата осигурени само за случај на инвалидност и телесно оштетување предизвикано со несреќа на работа, и тоа:

— лица на организирани јавни работи од општо значење или во акции на спасување или одбрана од елементарни непогоди или несреќи,

— лица во вршење на одделни јавни функции или граѓански должности по повик на државните органи,

— лица на воена вежба во Југословенската народна армија односно во состав на единиците на територијалната одбрана или цивилната заштита,

в) за лицата осигурени по престанување својството на работник во здружениот труд или друго својство, и тоа:

— лица додека се уредно пријавени кај општинската заедница за вработување на работници, доколку се пријавени во рок од 30 дена по престанувањето на својството на работник во здружениот труд,

— лица додека се наоѓаат во Југословенската народна армија на воена вежба или отслужување на воениот рок ако стапиле во рок од 30 дена по престанувањето на својството на работник во здружениот труд.

II

Паушалните износи на придонесот за инвалидско осигурување за осигурениците од точка I на оваа одлука се утврдуваат, и тоа:

| | |
|---|---|
| — за лицата со висока стручна подготовка во износ од | 91,00 дин. |
| — за лицата со виша стручна подготовка односно стручна подготовка на висококвалификуван работник во износ од | 83,00 дин. |
| — за лицата со средна стручна подготовка односно стручна подготовка на квалификуван работник во износ од | 76,00 дин. |
| — за лицата со останати степени на стручна подготовка како и за лицата без стручна подготовка во износ од | 53,00 дин. |

III

Паушалните износи на придонесот за инвалидското осигурување утврдени во точката II на оваа одлука се месечни, а се плаќаат наназад.

До колку во конкретен случај се работи за покус период од еден месец, придонесот се пресметува за секој календарски ден по 1/30 од месечниот износ на придонесот утврден во точката II на оваа одлука.

IV

Паушалните износи на придонесот утврдени во точката II на оваа одлука почнувајќи од 1 јануари 1977 година, во почетокот на секоја година се валоризираат со просечниот пораст на номиналните лични доходи во Републиката во претходната година.

V

Со денот на применувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на паушални износи на придонесот за лицата осигурени за одделни права од инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 50/74).

VI

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1976 година.

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Бр. 01-1610/1
22 декември 1975 година
Скопје

За претседател,
**Ангел Теов,** с.р.

**349**

Врз основа на член 151 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 46/72) и член 203 став 1 точка 6 од Статутот на заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Сл. весник на СРМ“ бр. 28/73), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 22 декември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ ВО ПАУШАЛНИ ИЗНОСИ И ОСНОВИЦИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ НА ОСИГУРЕНИЦИ

I

Придонесот за пензиско и инвалидско осигурување во паушален износ се утврдува:

1) за домашни помошнички што се ангажирани од приватни домаќинства или лица за вршење на домашни работи, и

2) за лица кои по завршувањето на школувањето се наоѓаат на задолжителна практична работа или се на доброволна практика, ако работат со полно работно време.

II

Паушалните износи на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за осигурениците од точка I на оваа одлука се утврдуваат, и тоа:

— за лицата со висока стручна подготовка во износ од 343 д.
— за лицата со виша стручна подготовка односно стручна подготовка на висококвалификуван работник во износ од 313 д.
— за лицата со средна стручна подготовка односно стручна подготовка на квалификуван работник во износ од 286,70 д.
— за лицата со останати степени на стручна подготовка, како и за лицата без стручна подготовка во износ од 200 д.

III

Утврдените износи на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување се месечни, а се плаќаат наназад.

До колку во конкретен случај се работи за покус период од еден месец, придонесот се пресметува за секој календарски ден по 1/30 од придонесот утврден во точка II на оваа одлука.

IV

Паушалните износи на придонесот утврдени во точка II од оваа одлука, почнувајќи од 1 јануари 1977 година, во почетокот на секоја година се валоризираат со просечниот пораст на номиналните лични доходи во Републиката во претходната година.

V

Како основица за пресметување на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за работник на неплатено отсуство до 30 дена на кој не му е исплатен личен доход за времето кое му се признава во стаж на осигурување спред важечките прописи, се зема просечниот личен доход остварен во претходната година.

До колку во претходната година место личен доход е приман надоместок, како основица се зема основата од која е пресметан надоместокот.

VI

Со денот на применувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за придонесите за пензиското и инвалидското осигурување во паушални износи и основици за пресметување на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за одделни категории осигуреници („Службен весник на СРМ“ бр. 50/74).

VII

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1976 година.

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Бр. 01-1611/1
22 декември 1975 година
Скопје

За претседател,
**Ангел Теов,** с.р.

**350**

Врз основа на член 148 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 46/72) и член 203 став 1 точка 7 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 28/73), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 22 декември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ВРЕМЕНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ВО ПРВОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ НА 1976 ГОДИНА

I

Финансирањето на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија во првото тримесечје на 1976 година ќе се врши сразмерно на просечните месечни приходи и расходи на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување во 1975 година, зголемени за 20%.

II

Приходите што ќе се остварат и расходите што ќе се извршат во текот на временото финансирање во првото тримесечје на 1976 година се составен дел на Финансискиот план на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување за 1976 година.

III

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1976 година.

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Бр. 01-1612/1
22 декември 1975 година
Скопје

За претседател,
**Ангел Теов,** с.р.

---

**351**

Врз основа на член 147 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 46/72) и член 203 став 1 точка 7 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 28/73), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 22 декември 1975 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ВРЕМЕНО ФИНАНСИРАЊЕ НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ВО ПРВОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 1976 ГОДИНА

I

Финансирањето на Стручната служба на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија во првото тримесечје од 1976 година ќе се врши сразмерно на просечните месечни приходи и расходи на Стручната служба во 1975 година.

II

Приходите што ќе се остварат и расходите што ќе се извршат во текот на временото финансирање во првото тримесечје на 1976 година чинат составен дел на финансискиот план на Стручната служба на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за 1976 година.

III

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1976 година.

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Бр. 01-1613/1
22 декември 1975 година
Скопје

За претседател,
**Ангел Теов,** с.р.

**352**

Врз основа на член 203 став 1 а во врска со член 117 став 3 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 28/73 и 28/74), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 22 декември 1975 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ ЗА СМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЦАТА-ИНВАЛИДИ НА ОСИГУРЕНИЦИ ВО УСТАНОВИ ОД ИНТЕРНАТСКИ ТИП ЗА ВРЕМЕ НА СПЕЦИЈАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Со оваа одлука, согласно член 117 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, се утврдува делот на трошоците за сместување на децата — инвалиди на осигуреници во установи од интернатски тип за време на специјално воспитување и образование што паѓаат на товар на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување, како и делот на трошоците што ги поднесува осигуреникот од кого детето — инвалид го изведува правото на рехабилитација односно детето — инвалид како уживател на семејна пензија.

Член 2

Делот на трошоците што ги поднесува осигуреникот од кого детето-инвалид го изведува правото на рехабилитација односно детето-инвалид уживател на семејна пензија зависи од вкупниот приход на неговото домаќинство.

Во вкупниот приход на домаќинството не влегуваат: паричниот надоместок за телесно оштетување, додатокот за помош и нега, додатокот за деца, ниту други приходи на членовите на домаќинството за кои со посебни прописи е предвидено дека не се земаат предвид при утврдувањето на имотната состојба на домаќинството.

Член 3

Ако приходите по член на домаќинството изнесуваат до 600 динари месечно, трошоците за сместување паѓаат во целост на товар на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (во понатамошниот текст: Заедницата).

Ако приходите од претходниот став изнесуваат повеќе од 600 динари месечно по член на домаќинството, осигуреникот од кого детето го изведува правото на рехабилитација односно детето — инвалид уживател на семејна пензија поднесува дел од трошоците во соодветен процент од приходите по член на домаќинството, и тоа:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| над | 600 | до | 700 | динари | 30% |
| над | 700 | до | 800 | динари | 40% |
| над | 800 | до | 900 | динари | 50% |
| над | 900 | до | 1000 | динари | 60% |
| над | 1000 | до | 1200 | динари | 70% |
| преку | 1200 | „ | | | 80% |

Ако еден од родителите на детето — инвалид е на работа во странство, ќе се смета дека домаќинството има приходи над 1200 динари по член на домаќинството.

До колку осигуреникот има две и повеќе деца — инвалиди кои се наоѓаат на рехабилитација, учествува со 50% од предвиденото учество во став втори на овој член.

Остатокот на трошоците до полната цена на трошоците за сместување паѓаат на товар на Заедницата.

Член 4

Ако остатокот на трошоците за сместување што во смисла на член 3 став 4 од оваа одлука ги поднесува Заедницата е помал од една десеттина од вкупните трошоци за сместување, Заедницата поднесува една десеттина од трошоците а осигуреникот од кого се изведува правото на рехабилитација остатокот на тие трошоци.

Член 5

Како домаќинство во смисла на член 2 од оваа одлука се сметаат сите членови со кои осигуреникот од кого детето — инвалид го изведува правото на рехабилитација односно детето — инвалид уживател на семејна пензија имаат заедница на живот, стопанисување и трошење на остварените приходи.

Член 6

Месечниот износ на личниот доход и другите примања по основа на работен однос се утврдува според износите што членовите на домаќинството го примале во претходната календарска година.

Ако домаќинството на осигуреникот има приходи остварени по повеќе основи, тие претходно се сведуваат на приходи од работен однос на начин утврден со Одлуката за утврдување висината на приходите на корисникот на пензија и членовите на неговото домаќинство од кои зависи правото на заштитен додаток на пензијата.

Член 7

Со денот на примената на оваа одлука престанува да важи Одлуката за надоместок на трошоците за сместување на деца — инвалиди на осигуреници во установи од интернатски тип за време на специјално образование („Службен весник на СРМ" бр. 28/73).

Член 8

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ" а ќе се применува од 1 јануари 1976 година.

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Бр. 01-1614/1
22 декември 1975 година
Скопје

За претседател,
**Ангел Теов,** с.р.

**353**

Врз основа на член 164 став 3 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 46/72) и член 203 став 1 точка 19 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 28/73), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 22 декември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРОСЕЧНОТО ТРАЕЊЕ НА КОРИСТЕЊЕТО НА ИНВАЛИДСКИТЕ И СЕМЕЈНИТЕ ПЕНЗИИ И ДРУГИТЕ ТРАЈНИ ПАРИЧНИ ПРИМАЊА

I

За утврдување висината на надоместокот на штета во еден вкупен износ во смисла на член 164 став 3 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, просечното траење на користењето на пензиите и другите трајни парични давања се утврдува, и тоа:

1. За 1973 година:

| | |
|---|---|
| — инвалидски пензии | 22 години и 4 месеци |
| — паричен надоместок за телесно оштетување | 29 години и 1 месец |
| — семејни пензии | 8 години и 9 месеци |

2. За 1974 година:

| | |
|---|---|
| — инвалидски пензии | 23 години и 2 месеци |
| — паричен надоместок за телесно оштетување | 29 години и 1 месец |
| — семејни пензии | 10 години и 7 месеци |

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Бр. 01-1616/1
22 декември 1975 година
Скопје

За претседател,
**Ангел Теов,** с.р.

## ОПШТА ЗАЕДНИЦА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

**354**

Врз основа на член 9 став 1 точка 3 а во врска со член 31, 32 и 50 од Законот за самоуправните интересни заедници на образованието и член 27 став 3 од Статутот на Општата заедница на образованието, Собранието на Општата заедница на образованието, на својата редовна седница одржана на ден 22. XII. 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА НАСОЧЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 1976 ГОДИНА

1. За 1976 година се утврдуваат следните стапки на придонесите за насочено образование, и тоа:

— 2,80% од доходот на основните организации на здружениот труд и другите самоуправни организации од обласга на стопанството, вклучувајќи ги и организациите на здружениот труд регистрирани како установи, распоредени во областите од 1 до 8 од Номенклатурата на распоредување на стопанските и други организации и државни органи по дејности.

Основицата за пресметување и плаќање на придонесот е остварениот доход намален за пресметаните законски и договорни обврски, освен данокот на доход:

— 3,55% од личниот доход од работен однос на работниците што остваруваат личен доход од работен однос, освен работниците вработени кај обврзниците од претходната алинеја на оваа одлука.

Основица за пресметување и плаќање на придонесот претставуваат сите парични примања според Законот за даноците на граѓаните.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1. I. 1976 година.

Собрание на Општата заедница на образованието,
Претседател,
проф. **Димче Левков,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ДЕБАР

**355**

Врз основа на член 36 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71) и член 23 точка 11 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување во Дебар, Собранието на Заедницата на здравството и здравственото осигурување Дебар, одржана на ден 27. 11. 1975 год., донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСОЧИНАТА НА УЧЕСТВОТО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА — ЗЕМЈОДЕЛЦИ ВО ПОДНЕСУВАЊЕТО НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ

Член 1

Осигурениците задолжително учествуваат во трошоците на користење на здравствена заштита во поширок обем утврдена со Статутот на Заедницата и тоа:

— 50% од цената на здравствените услуги за:

1. преглед и лекување кај лекар од општа практика и лекар-специјалист во сите видови на амбулантно-поликлиничките здравствени работни организации, како и потребни лекарски испитувања во врска со прегледот:

2. стационарно лекување во сите стационарни здравствени работни организации, вклучувајќи ги и специјализираните стационари, освен стационарите со примена на природните фактори за лекување;

3. прегледи, лекување, пломбирање и вадење на заби во сите забоздравствени ординации, вклучувајќи ја и специјалистичката ординација, освен забна протетика;

4. може да користат превоз со кола за итна помош кога е тоа неопходно за пренос на болниот од станот до најблиската здравствена организација која може да му пружи потребна лекарска помош.

Член 2

Учениците и студентите до 26 годишна возраст, кој се наоѓаат на редовно школување ќе партиципираат во проширените права на здравствената заштита со 20%.

Член 3

Осигурениците — земјоделци учеството предвидено во оваа одлука за извршени здравствени услуги го плаќаат на здравствената организација која ја извршила услугата.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување височината на учеството на осигурените лица во поднесувањето на трошоците за здравствени услуги број 01-8512 од 28. 12. 1972 година на Заедницата за здравствено осигурување на работниците Охрид.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се применува по објавувањето во **„Службен весник на СРМ"**.

Бр. 1599
27 ноември 1975 година
Дебар

Претседател,
**Ивзи Дема**, с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Окружниот суд во Скопје, тужителката Снежана Тасевска, родена Марковска од село Димонци, Кратово, поднесе тужба за развод на брак против тужениот Чедомир Тасевски од село Шупли Камен. Бидејќи сегашната адреса на тужениот му е непозната, се поканува во рок од 30 дена, по објавувањето на овој оглас, да ја соопшти на судот сегашната своја адреса. Во спротивно ќе му биде поставен старател кој ќе ги застапува неговите интереси во овој спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 694 од 24. XI. 1975 година.

---

Пред овој суд во тек е постапката за развод на брак по тужбата на Стојче Панов од Скопје, ул. „Ѓорѓи Димитров", згр. 15, влез IV, стан бр. 19, против тужената Панова Славица од село Вратница, сега со непозната адреса на живеење. Вредност на спорот 2.000 динари.

Се повикува тужената Панова Славица во рок од 30 дена, сметано од денот на објавувањето на огласот, да се јави во Окружниот суд во Скопје, или пак да ја достави својата сегашна адреса на живеење.

Во колку тужената Славица Панова не се јави во судот или не ја достави својата точна адреса во определениот рок од 30 дена, на истата ќе ѝ се одреди привремен застапник, кој ќе ги застапува нејзините интереси во спорот за развод на брак пред Окружниот суд во Скопје.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 2320 од 25. XI. 1975 година. (168)

---

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор за исполнение на договор за купопродажба по тужбата на тужителот Реџеп Ќуфта од селоРесталица, СО Драгош — Косово против тужениот Салија Назми, земјоделец од село Неготино, општина Гостивар, сега со непознато место на живеење. Вредност на спорот 80.800,00 динари.

Се повикува тужениот Салија Назми во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да се јави лично во судот или да ја соопшти својата адреса. Во спротивно ќе му се одреди привремен старател кој ќе го застапува до окончувањето на спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 2292/74. (170)

---

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителката Ангеловска Мирјана од Тетово, ул. „Железничка" бр. 5, против Ангеловски Вангел од Скопје, сега со непозната адреса.

Се повикува тужениот Ангеловски Вангел да се јави во судот или да ја соопшти својата точна адреса во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас. Во спротивно ќе му биде одреден старател во смисла на чл. 77 од ЗПП, кој ќе ги застапува неговите интереси до окончувањето на овој спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 438/75. (171)

---

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителот Галабов Димитар од Скопје, против тужената Поликсена Анастасиу, со непознато место на живеење.

Се повикува тужената Поликсена Анастасиу да се јави во судот или да ја достави својата адреса во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас. Во спротивно ќе ѝ се одреди старател кој ќе ја застапува до окончувањето на овој спор.

**Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1313/75.**

Окружниот суд во Скопје објавува дека при овој суд е заведен спор за развод на брак од тужителката Зора Николовска, род. Божиновска, од село Зелениково, Скопје, против тужениот Благоја Николовски, сега во Австралија со непозната адреса.

Се поканува тужениот Благоја Николовски во рок од 30 дена да се јави во овој суд или да ја достави својата точна адреса. Во спротивно судот ќе му постави старател кој ќе го застапува до окончувањето на спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 2291 од 27. XI. 1975 година. (176)

---

Пред Окружниот суд во Скопје се води граѓанска постапка за развод на брак по тужбата на Добринка Маркова, родена Ангелова од Скопје, ул. „Сердарот" бр. 25 против тужениот Божидар Марков од село Кричим, живеел во Софија, ул. „Булевар Толбухин" број 79, сега со непознато место на живеење во СФРЈ. Вредност на спорот 2.000,00 динари.

Се објавува дека на тужениот Божидар Марков, чија адреса е непозната, му е поставен привремен застапник и тоа адвокатот Цвета Шуркова од Скопје, која ќе ги застапува неговите интереси до појавување на негов старател или лично тужениот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 2000/74 од 24. XI. 1975 година. (178)

---

Пред Окружниот суд во Скопје, е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителката Петковска Соња од Куманово, ул. „Горче Петров" бр. 15, против тужениот Петковски Александар, со непознато место на живеење.

Се повикува тужениот Петковски Александар да се јави во судот или да ја достави својата адреса во рок од 30 дена, сметано од објавувањето на овој оглас. Во спротивно ќе му се определи старател кој ќе го застапува до окончувањето на овој спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 2312/1975 година. (180)

## ОКРУЖЕН СУД ВО ШТИП

Митрев Ванчо од село Градошорци, Струмица, поднесе до овој суд тужба за развод на брак против Митрева Вера од село Ново Село, сега со непозната адреса.

Бидејќи адресата и местожителството на тужената не се познати, се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ" да се јави во овој суд или да одреди свој застапник. Во спротивно судот, по службена должност, го одредува за застапник Боге Илиев, стручен соработник при Окружниот суд — Штип и делото ќе се разгледа во нејзино отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 355/75 (173)

## ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

При овој суд заведен е спор за развод на брак по тужбата на тужителката Снежана Ѓуровска од Прилеп, сега на привремена работа во Западна Германија, против Живко Ѓуровски од Прилеп, сега со непознато место на живеење во Западна Германија. Поради тоа на тужениот согласно чл. 77 ст. 2, т. 4 од ЗПП, му е поставен привремен застапник адв. Вера Андреева од Прилеп, која ќе го застапува со сите права и должности како законски застапник, сè додека тужениот или неговиот полномошник не се јават пред судот или органот за старателство не определи старател.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 33 од 27. X. 1975 година. (169)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО СТРУГА

При Општинскиот суд во Струга се води вонпарнична постапка за докажување смртта на лицето Дамјановски Леонов Богоја од село Мислешево, општина Струга, СРМ, кој наводно умрел на 7. II. 1973 година во САД — Гери Индијана, а во матичните книги не е заведен.

Се поканува ова лице, во колку е живо, како и секој оној што знае за неговиот живот, да јави на овој суд во рок од 20 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" и на огласната табла на Општинскиот суд во Струга. По истекот на овој рок, судот ќе донесе решение со кое ќе се утврди дека споменатиот Дамјановски Л. Богоја е умрен.

Од Општинскиот суд во Струга, Р. бр. 382/75. (172)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО ТИТОВ ВЕЛЕС

Се повикува Василев Петар, на прекар викан Калинов, од село Мездра, Светиниколско, да се јави ако е жив на Општинскиот суд во Титов Велес.

Тој во 1948 година се јавил како доброволец во единиците на Ослободителната армија во Грција, заминал за Грција и учествувал во борбите против монархофашистите. Откога завлегол во 1948 година во Грција во партизанските одреди до денес не се јавил.

Исто така се повикуваат и сите други лица кои нешто знаат за исчезнатото лице или за неговиот живот да го јават тоа на судот во рок од 3 месеци од објавувањето на овој оглас.

По овој рок исчезнатото лице ќе се прогласи за умрено по спроведената постапка.

Од Општинскиот суд во Титов Велес, ВПС. бр. 200 од 3. X. 1975 година. (174)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд води спор тужителот Бобан Марков Тасевски од Тетово, ул. „124" бр. 19, застапуван од неговата мајка Добринка Станковиќ од Тетово, ул. „124" бр. 19, против тужениот Марко Александров Тасевски од село Доброште, сега со непозната адреса во Западна Германија.

Се повикува тужениот Марко во рок од 30 дена, сметано од објавувањето на огласот, да ја достави својата сегашна точна адреса. Во спротивно ќе му биде поставен привремен старател кој ќе се грижи за неговите права и должности.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1388/1975 година (179)

---

Загубеното свидетелство за завршено IV одделение основно училиште во село Долно Родево, општина Воденска во учебната 1940/41 година, на име Лена Б. Мајнова Илиевска, Тетово.

Од Општинскиот суд во Тетово, Р. бр. 393/75. (177)

---

## ЗАГУБЕНИ ПЕЧАТИ

Загубениот округли печат под назив: „Социјалистичка Република Македонија, Електро машински училишен центар „Злате Малакоски" — Гостивар, се огласува за неважен. (1871)

Загубениот округли печат под назив: „Економско училиште „Борис Кидрич" — Скопје — Социјалистичка Република Македонија", се огласува за неважен. (2431)

Загубениот округли печат и штембил под назив: „Општинска самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата — Делчево", се огласуваат за неважни. (2497)

Загубениот округли печат под назив: „Лотарија на Македонија — Скопје — 4-42", се огласува за неважен. (2505)

Загубениот округли печат под назив: „Гимназија „Браќа Миладиновци", Социјалистичка Република Македонија — Битола" се огласува за неважен.

Загубениот округли печат под назив: „Месна заедница „Јане Сандански" — Скопје", се огласува за неважен. (2838)

# МАЛИ ОГЛАСИ

**Се огласуваат за неважни следните загубени документи:**

Работна книшка рег. бр. 4989, сер. бр. 376188, издадена од Собранието на општината Ресен на име Кирил Томе Арнаудовски, Ресен. (2849)

Диплома-свидетелство за завршен висококвалификуван автомеханичар, издадена од Електромашинскиот центар во Битола на име Кирил Томе Арнаудовски, Ресен. (2850)

Воена книшка на име Сотир Дукоски, ул. „Маркс—Енгелс" бб, Струга. (2856)

Воена книшка на име Виктор Топалоски, Струга. (2857)

Воена книшка на име Мустафа Амзоски, ул. „Б. Кидрич" бр. 105, Прилеп. (2859)

Работна книшка на име Лазо Јаневски, ул. „Лазо Филипоски" — 46, Прилеп. (2861)

Лична карта на име Лазо Јаневски, ул. „Лазо Филипоски" — 46, Прилеп. (2862)

Уверение за К. В. дреар, издадено од Заводот за запослување на име Ганчо Поцев, ул. „Благој Јасмов" бр. 31, Титов Велес. (2863)

Уверение за завршен ѕидаро-тесарски занает на име Бедри Садику, с. Чегране, Гостивар. (2872)

Лична карта издадена од Гостивар на име Раденко Смилкоски, с. Ново Село, Гостивар. (2873)

Возачка дозвола издадена од ОВР — Тетово на име Живорад Станојевиќ, ул. „Илинденска" бр. 150, Тетово. (2875)

Возачка дозвола издадена од СВР — Тетово на име Џеват Шабани, Тетово. (2876)

Воена книшка издадена од В. П. 6430 — Сарајево на име Шабан Меметовиќ, ул. „Никола Вапцаров" бр. 11, Куманово. (2878)

Воена книшка издадена од Собранието на општина Куманово на име Грујо М. Трајковски, с. Бајловце, Куманово. (2879)

Оружен лист рег. бр. 852, издаден од СВР — Штип на име Симо Подунавац, ул. „М. Тито" бр. 6/2, Штип. (2883)

Воена книшка серија бр. 52036/12. II. 1974 година, издадена од Штип на име Трајче Т. Трајчев, с. Карабинци, Штип. (2884)

Свидетелства за V и VI клас гимназија, издадени од Гимназијата „Гоце Делчев" во Куманово на име Ѓорѓи Чалмовски, ул. „Ленинова" бр. 17, Куманово. (2218)

Вториот примерок од РК потврдата, Ев. бр. 266 од 19. V. 1975 г. на количина 9.078,20 кгр., за користење II квартал 1975, издадена од Народната банка на Македонија — Скопје, во корист на Рудници за олово и цинк „Злетово-Саса" — Пробиштип. (2866)

Воена книшка, издадена од Куманово на име Феми Мурати од село Опаје, Куманово. (2877)

Воена книшка издадена од ВП — Вараждин на име Никола Митревски, ул. „Марксова" бр. 51, Прилеп. (2544)

Возачка дозвола издадена од СВР — Струмица на име Коле Шумаров, ул. „Илинденска" бр. 22, Струмица. (2553)

Лична карта издадена од Гостивар на име Бастри Демири, с. Здуње, Гостивар. (2565)

